УДК 342.711(497.2:=163.3)„1991-“

**Љупчо С. Ристески (Македонија)**

# БУГАРСКИ ПАСОШИ – МОЖНОСТ ЗА ПОГОЛЕМА МОБИЛНОСТ НА МАКЕДОНЦИТЕ И/ИЛИ СТРАТЕГИИ ЗА МАНИПУЛИРАЊЕ СО ИДЕНТИТЕТОТ[1]

*Айсшракш*: Во Република Македонија од осамостојувањето во 1991 г. општествено-политичката ситуација е доста динамична и турбулентна, а економската ситуација загрижувачка. Огромен е бројот на невработени луѓе, кои веќе тешко можат да работат како печалбари во европските и прекуокеанските земји токму поради проблемите со визите. Така, со процесот на пристапување на Бугарија кон ЕУ, очекувано започна да се зголемува интересот на македонските граѓани за добивање бугарско државјанство, а со тоа за стекнување и со лични документи и, како најважно, пасош на Република Бугарија. Кога размислуваме за стратегиите, за концептот на државјанството, кој всушност практички го овозможува стекнувањето на поединците со документи за лична идентификација и патни исправи, логички е да се тргне од идејата на Маршал дека државјанството како концепт се состои од три главни елементи или димензии. Првиот е дека државјанството претставува легален статус на поединецот, вториот елемент му ги обезбедува политичките, а третиот социјалните права и обврски. Така, кога државјанството се набљудува како стратегија од аспект на поединецот, најблиску до реалноста е ако тоа се поврзува со остварување на легалниот статус, кој во случајот на македонските граѓани им обезбедува патни исправи што им го отвораат патот кон земјите во светот. Од друга страна, пак, историските и дневнополитичките случувања на оспорување на македонскиот национален и етнички идентитет, на јазикот и сл., доведуваат до размислувања во македонската јавност дека и оваа стратегија е уште една од многуте досега применувани на Бугарија кон Македонците за разнишување на идентитетот.

*Клучни зборови*: бугарски пасоши, Македонци, идентитет, Западен Балкан, ЕУ, виза.

Граѓаните на Република Македонија од нејзиното осамостојување во 1991 г. до воспоставувањето на визната либерализација со земјите од ЕУ во јануари 2010 г. имаа исклучително ограничени можности за патување надвор од нејзините граници. Според документот на Министерството за надворешни работи[2] на РМ за визен ре-

[1] Трудот е настанат како резултат на учеството во проектот COST Action IS0803: Пресоздавање на источни граници во Европа: мрежа што ги испитува општествените, моралните и материјалните преместувања на источните периферии на Европа; проект воден од страна на проф. Сара Грин, Универзитет во Манчестер.

[2] Визен режим на Република Македонија со други држави, специјални административни региони и субјекти и територијални власти непризнати како држави, Министерство за надворешни работи на Република Македонија, Скопје, мај 2009 г. Достапно на http://www.mfa.gov.mk/default1.aspx?ItemID=262. Последен пат отворено на 24. 6. 2009 г.

жим со други држави, од листата наброени 198 држави, граѓаните на Р Македонија можеа да патуваат без визи само во 21 земја, што претставува безмалку 10 % од вкупниот број држави со кои нашата има заемни односи. Од земјите во регионот, граѓаните на Македонија без визи можеа да патуваат во 7 држави[3], од кои 5 беа држави што потекнуваат од поранешната СФРЈ заедно со Албанија и Турција. Останатите 14 држави[4] се далечни земји во кои граѓаните на Македонија тешко може да патуваат. Некои од нив се со специфични политичко-економски системи, кои во овој момент не се од интерес за граѓаните на Македонија. Во овој список, се разбира, немаше ниту една земја од централноевропските, ниту, пак, други што традиционално биле дестинација на речиси вековната печалбарска традиција на македонските граѓани. Од средината на 19 век па сè до денес во Македонија постои традиција на одење на печалба, главно на машкото работоспособно население, што флуктуирало во однос на дестинациите и бројките во зависност од општествено-политичките, но најмногу од економските услови, најмногу во Македонија, но и во земјите каде што се одело на печалба. Исто така, од Македонија е забележително иселување на населението во други земји во Европа и во светот, така што според податоците на Агенцијата за иселеништво на РМ околу 500.000[5] луѓе се иселени од Македонија и живеат во разни земји во светот, од кои најмногу во Австралија, Италија, Швајцарија, Германија, САД и др. земји. Овие луѓе сè уште ги одржуваат врските со своите блиски во родната земја и честопати, и оние што се во странство и нивните блиски во Македонија, имаат потреба да патуваат. Меѓутоа, во пракса, ваквата ситуација за граѓаните на Македонија значеше огромно ограничување на можностите за патување надвор од државата, огромно оптоварување на семејните буџети поради издатоците што произлегуваа од административната постапка на прибирање потребни документи за пријавување и добивање виза, како и поради сумите што беше потребно да ги платат за добиената виза.

Се разбира, Р Македонија во целиот овој период, и покрај големите општествено-политички и економски превирања, па дури и воен конфликт во 2001 г., прави напори за стабилизација и консолидација на нејзиниот систем во врска со обезбедувањето патни исправи и сигурност во однос на правата, слободата и безбедноста, посебно во областа на миграцијата, потоа на визната политика, граничното управување и безбедноста на документите во согласност со европските регулативи во однос на овие прашања. Така, од 1 јануари 2008 г. во сила стапи Спогодбата за олеснување на издавањето визи меѓу Република Македонија и Европската заедница. Со Спогодбата се предвидува поедноставување на издавањето визи за граѓаните на Република Македонија за планиран престој што не надминува 90 дена во период од 180 дена. Спогодбата се применува од сите земји членки на Европската Унија, со исклучок на Данска, Велика Британија и Ирска[6]. Во 2010 г. Р Македонија доби визна либерализација со земјите

[3] Тоа се земјите Албанија, БиХ, Косово, Србија, Турција, Хрватска и Црна Гора.

[4] Тоа се земјите Аргентина, Бангладеш, Боцвана, Гватемала, Израел, Јапонија, Куба, Малезија, Никарагва, Сингапур, Тунис, Хонг Конг, Хондурас и Шри Ланка.

[5] Агенција за иселеништво на Република Македонија, Статистички податоци за бројот и структурата на иселениците од Македонија во поодделни земји во странство (табеларен преглед); http://makemigration.readyhosting.com/aktivnosti/statistika/statistika1.asp

[6] Спогодба за визно олеснување меѓу Република Македонија и Европската Унија. Спогодбата може да се најде на веб-локацијата на МНР на РМ во превод на македонски јазик:

членки на ЕУ, што значеше крај на напорните и долготрајни и скапи процедури за добивање визи. Визната либерализација продуцираше нови процеси, каков што е и оној во кој значителен дел од македонските граѓани заминуваат во некои од земјите на Западна Европа поднесувајќи барања за азил, најчесто политички азил, со цел да се спасат од лошите економски и животни услови во кои живеат во својата земја. Се разбира, овие процеси продуцираат нови случувања, за кои во овој момент нема да пишуваме.

## Државјанство и пасош

Во Република Македонија од осамостојувањето во 1991 г. општествено-политичката ситуација е доста динамична и турбулентна, а економската ситуација загрижувачка. Огромен е бројот на невработени луѓе, кои веќе тешко можат да работат како печалбари во европските и прекуокеанските земји токму поради проблемите со визите.

Всушност проблемот со патните исправи и можностите за патување на граѓаните надвор од Македонија не е само проблем што произлезе од меѓународните односи на Македонија со другите држави, туку тоа беше проблем што произлезе како резултат на низата општествено-политички проблеми и процеси што се случуваа во земјата во периодот по нејзиното осамостојување. Развојот на процесите поврзани со југословенското државјанство во СФРЈ од 1945 па до крајот на осумдесеттите години е навистина динамичен, но разгледувањето на сите овие специфични процеси би било дефокусирање од нашата тема, па затоа во оваа прилика ќе нагласиме дека во југословенската социјалистичка федерација, покрај единственото федерално државјанство, постоело и републичко државјанство, при што ниту еден поединец не би можел да биде државјанин на некоја од републиките во федерацијата, а притоа да не биде државјанин на СФРЈ. На овој начин било воспоставено начелото на единство меѓу федералното и републичкото државјанство[7]. Ваквата идеја им даваше на „работниците, на народите и на народностите да ги остваруваат своите суверени права, како во рамките на социјалистичките републики и автономните покраини, и во согласност со своите уставни права, исто така и на ниво на Социјалистичка Федеративна Југославија, каде што тоа Уставот го предвидува како заеднички интерес“[8]. Така, секој републички закон, предвидувајќи посебно државјанство за жителите на својата република, одредува дека државјаните на таа република се истовремено и државјани на Федерацијата, така што државјаните на која било друга социјалистичка република во рамките на Југославија имаат еднакви права во секоја друга република како во својата[9].

---

http://www.mfa.gov.mk/default1.aspx?ItemID=384

[7] Gjidara Marc, *Državljanstvo i nacionalnost u Federativnoj Jugoslaviji*, Hrvatska Revija, br. 1, god. 1, 2001, http://www.matica.hr/HRRevija/revija01.nsf/AllWebDocs/Sadrzaj.

[8] I. Borković, *Upravno pravo*, Beograd, Informator, 1981, стр. 128, цитирано според Gjidara Marc, *Državljanstvo i nacionalnost u Federativnoj Jugoslaviji*, Hrvatska Revija, br. 1, god. 1, 2001, http://www.matica.hr/HRRevija/revija01.nsf/AllWebDocs/Sadrzaj.

[9] Gjidara Marc, *Državljanstvo i nacionalnost u Federativnoj Jugoslaviji*, Hrvatska Revija, br. 1, god. 1, 2001, http://www.matica.hr/HRRevija/revija01.nsf/AllWebDocs/Sadrzaj.

Како што е познато, по распаѓањето на Југославија престана да постои југословенското државјанство, односно државјанството на СФРЈ, а секоја од новонастанатите држави се соочи со етаблирање на државјанства на новите држави и издавање документи за државјанството на граѓаните што живеат во нив, како основен предуслов за остварување на нивните граѓански права. Така, граѓаните на новонастанатите држави се најдоа во ситуација повторно да треба да го докажуваат или потврдуваат своето државјанство, а со тоа и лојалноста кон новите држави. Поголем дел од граѓаните, речиси по автоматизам стекнаа документ за државјанство, а со тоа и правна основа да можат да ги остварат сите други граѓански права, да добијат документи за личниот статус и патни документи. Меѓутоа, одреден број граѓани, кои поради разни причини беа поврзани со некоја од другите поранешни југословенски социјалистички републики, требаше да поведат посебна постапка со барање за стекнување државјанство на Република Македонија. Така, на пример, во преодните одредби на Законот за државјанство на Р Македонија од 2004 г. („Службен весник на Р Македонија“ бр. 45/04) во член 29, во алинеја три, се вели: „Државјаните на другите републики од поранешната СФРЈ и државјаните на поранешна СФРЈ кои имаат пријавено живеалиште на територијата на Република Македонија, можат да се стекнат со државјанство на Република Македонија ако во рок од една година од влегувањето во сила на овој закон поднесат барање, доколку имаат постојан извор на средства, се полнолетни и до поднесувањето на барањето законски престојувале на територијата на Република Македонија, најмалку 15 години“.

Република Македонија, до донесувањето на Законот за државјанство на Република Македонија во 1992 г. („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/92), од своето осамостојување се владееше според републичкиот Закон за државјанство на Социјалистичка Република Македонија од 1977 г. („Службен весник на СРМ“ бр. 19/77) и според Законот за државјанство на СФРЈ („Службен весник на СФРЈ“ бр. 58/76). Интересно е што во преодните одредби на Законот за државјанство на Р Македонија од 2004 г. („Службен весник на Р Македонија“ бр. 45/04), во член 33 од преодните одредби е утврдено дека со влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за државјанство на Социјалистичка Република Македонија од 1977 г. („Службен весник на СРМ“ бр. 19/77), а за Законот за државјанство на СФРЈ („Службен весник на СФРЈ“ бр. 58/76) дека „нема да се применува на територијата на Република Македонија“.

Размислувајќи за пасошот како еден од најважните документи, кој, врз основа на претходно верификуваното државјанство, им овозможува на граѓаните да стекнат право на мобилност надвор од своите матични држави, човек се запрашува како дошло до тоа владите и државите да веруваат дека со едно парче хартија може да се идентификува поединец толку веродостојно така што ја обезбедува границата на нацијата-држава. Пасошот е технологија што помага во создавањето на категориите идентитет, какви што се националноста и државјанството (Robertson 2004: 456).

Така пасошот служи како документ со кој се создава вистината за националниот идентитет за поединците и за државата. Би можело да се рече дека со пасошот повеќе се потпомага создавањето на државјанството отколку што тоа едноставно се потврдува. Во оваа смисла пасошот се продуцира алудирајќи на објективност, но сепак историјата на пасошот како документ за идентификација на поединците ги

илустрира специфичните контексти во кои може да се согледаат различни практики на верификација (Robertson 2004: 454–455). Истражувањата на значењата на пасошот покажуваат дека модерните држави и меѓународните државни системи чијшто дел се, ги отуѓиле од поединците и приватните ентитети озаконетите „значења на движењето" (Torpey 2000: 4). Се разбира ова не значи дека државите и државните системи ефективно ги контролираат сите движења на индивидуите, ами дека тие ја монополизираат *власта* да го ограничуваат движењето, кое се разбира се разликува во зависност од времето и видот на државата.

## Западниот Балкан наспроти окружувањето на ЕУ во регионот

Во годините од крајот на 80-тите години, на просторот на Балканот, кој медиумски и во литературата веќе беше озлогласен, се случија навистина драстични работи: се војуваше, загинаа или исчезнаа повеќе стотици луѓе, повеќе од половина милион луѓе беа бегалци од просторите и во просторите на поранешната СФРЈ, се создадоа нови држави, речиси сите го променија својот политички и уредувачки систем, се разбира настапија нови класификации и поделби. Она што остана од некогашниот Балкан, сега беше преформулирано во Западен Балкан, каде што главно беа класифицирани Македонија, Албанија, Србија и Црна Гора. Беше изумена и т.н. Јадранска група земји, која освен претходно спомenатите ја вклучуваше и Хрватска. Словенија, како што впрочем беше и претходно, брзо се издвои од оваа група „балкански земји" и успешно се вклучи во Европската заедница. Таа стана главната „порта" на Европа за Балканот, поточно за Западниот Балкан, иако Грција е членка на ЕУ од многу поодамна и е просторно многу поблиска до Балканот. Меѓутоа, драстичните промени во еквиваленцијата на земјите и создавањето на уште поголема диспропорционалност во статусите на земјите се случи со влегувањето на Бугарија и Романија во ЕУ во 2007 година. Бугарија уште во 1995 година имаше поднесено барање за визно олеснување или целосна визна либерализација и нејзино бришење од црната листа (Tchorbadjiyska 2007: 91). Во текстот на А. Чорбаџијска за бугарското искуство со визната политика во процесот на приклучувањето кон ЕУ, се нагласува дека „прифатените промени не се резултат на политичките дебати, туку се резултат на барањата на Брисел", а всушност доколку се работи, барем и минимално, на испитување на јавното мислење во Македонија за ова прашање, се добива безмалку истиот впечаток. Овој впечаток не се однесува само на Бугарија, ами тој според мислењата на граѓаните може да се прошири на останатите земји од регионот што претендираат на вклучување во ЕУ. Всушност, граѓаните на Македонија, на почетокот со голема недоверба и скептицизам гледаа на укажувањата на ЕУ дека Бугарија и Романија, правејќи значајни чекори во реформите, отскокнуваат пред другите земји, и наскоро ќе бидат создадени услови за нивно вклучување во Унијата. Многумина, присеќавајќи се на годините кон крајот на 90-тите на исклучителната криза во Бугарија и, се разбира, на претставите за комунистичка Бугарија, не можеа да се соземат од фактот дека Бугарија, во 2000 година, ги започна преговорите за влез во ЕУ. Така, Западниот Балкан веќе во текот на годините што следеа по 2000 г. се најде во ситуација на сурово соочување со визниот ѕид и со симболичките, но цврсти и непремостливи граници на Европа, кои се испречија пред неговите граѓани. Наспроти тол-

ку многу дискутираните идеи за бришење на границите и за „слободното движење на идеи, добра и луѓе“ се создаде нова ситуација, на уште понагласени граници, кои овозможуваа со години да цветаат илегални бизниси, шверц на стоки за секојдневните потреби на граѓаните, па сѐ до шверц на горива, оружје, дроги и, се разбира, на луѓе. Некои од државите отидоа понапред во преговарачкиот процес со ЕУ и ги ставија во исклучително нерамноправна ситуација земјите, односно граѓаните што дотогаш делеа безмалку идентична политичка и економска ситуација.

Случувањата со визната политика во регионот придонесе ситуацијата во однос на нерамноправниот статус на некои од балканските земји да биде уште поизразена, така што на овие процеси во регионот граѓаните започнаа да гледаат како на нешто што, наместо интеграција, предизвикува сегрегација, па дури и специфична политичка хиерархизација, која, имајќи ги на ум историските пречки меѓу балканските земји, сега се користи за фаворизирање на едните наспроти другите.

Од блиските соседи на Македонија, едни сатанизирани, други фаворизирани, Бугарија се смета за сосед што брзо напредуваше кон европските интеграции така што побрзо од другите земји во регионот ги започна процесите на промени во визниот режим и легислатива согласно со Шенгенскиот договор, поради што значајни реперкусии се почувствуваа кај соседните земји во регионот: Молдавија, Украина, Македонија.

Развојот на визната политика на Бугарија е резултат на два, заемно поврзани фактори: процесот на приклучување кон ЕУ, што го подразбираше и прифаќањето на Шенгенскиот договор, како и политичките и законските програми, кои имаа за цел Бугарија да биде избришана од црната листа за визи на ЕУ (Tchorbadjiyska 2007: 88). Како што е познато, процесот на влегувањето во шенгенската зона се реализира во неколку фази, така што првата фаза од приклучувањето на Бугарија кон зоната немаше некакви посебни импликации спрема соседните земји во однос на воспоставување на нов режим на Бугарија спрема нив. Вториот период започнува со денот на влегувањето во ЕУ и завршува со датумот на влегувањето во шенгенската група; во текот на овој период, граничната контрола помеѓу старите и новите земји членки сѐ уште се одржува. Новите земји членки, сѐ додека не станат полноправни членки на шенгенската група, не можат да издаваат шенгенски визи, иако овие држави формално стануваат „надворешни шенген-граници“. Но сепак, во овој период државите имаат можност да издаваат национални визи. Така, на 1 јануари 2007 година Бугарија мораше целосно да ја прифати заедничката „црна листа за визи“, со исклучок на Македонија и тогашната Србија и Црна Гора (Tchorbadjiyska 2007: 90).

Во Бугарија се очекувало дека овој процес на приклучување кон визните режими на ЕУ ќе има специфични ефекти, особено спрема земјите „што имале специфични врски со Бугарија“, при што се предвидувале главно два ефекта: прво, дека воведувањето визи за граѓаните на овие држави ќе создаде административни и економски оптоварувања што сигурно ќе придонесат за намалување на бројот на посетителите од овие земји и, второ, дека тоа ќе влијае врз „бугарските малцинства“ надвор од Бугарија, поради сѐ потешкиот достап до Бугарија (Tchorbadjiyska 2007: 93). „А со оглед на тоа што влезот ќе биде отежнат во Бугарија, многу луѓе што ги исполнуваат критериумите ќе аплицираат за граѓанство; ова не само што ним ќе им осигури неограничен пристап до Бугарија туку, исто така, откако Бугарија стана членка, и неограничен пристап до ЕУ“ (Tchorbadjiyska 2007: 93).

## Етнографија на бугарските пасоши за Македонците

Повеќемина истражувачи на Македонија во периодот на нејзината транзиција, особено на Македонија по нејзиното осамостојување по 1991 г., забележуваат дека можеби едно од најголемите разочарувања и фрустрации по стекнувањето на најпосакуваната самостојност, независност, беше ограничувањето на движењето на нејзините граѓани, кое траеше сè до воведувањето на визната либерализација со земјите на ЕУ во 2010 г., особено во поглед на можностите за патување во странство. Огромен број граѓани на Македонија, како и многу други во новонастанатите држави што потекнуваа од СФРЈ, се соочија со бројни административни, законски, практични и други пречки во стекнувањето со државјанство на новите држави, а со тоа и стекнување со нови документи, главно пасош, кој требаше да им овозможи непречено патување надвор од државата.

Од друга страна, Македонија по осамостојувањето се соочи со фактот дека таа не го има истиот статус и углед каков што претходно го имаше социјалистичка Југославија, поради што ѝ беа поставени бројни ограничувања, посебен визен режим за нејзините граѓани. Одеднаш, луѓето што до крајот на осумдесеттите години на XX век, непречено, слободно и гордо на своите „црвени пасоши“ на СФРЈ можеа да се движат и патуваат без виза во најголемиот дел од земјите во Европа и во светот, се најдоа затворени во сопствените држави, соочени со сопствените проблеми и проблемите на негирање на своите идентитети. Одеднаш, во потрагата и изградбата на сопствените национални држави и идентитети, се срушија колективните југословенски идеи за „нас“ како Запад наспрема Истокот и Исток наспрема Западот, или уште попрецизно, беше уништена претставата за „неврзаните“, оние што го уживаа реномето на социјалистичката, Титова држава, која претставуваше тампон-зона помеѓу капиталистичкиот Запад и социјалистичкиот Исток. Многумина не можеа ниту да си замислат дека Бугарија, којашто повеќе од 40 години за Југославија беше стереотип за ригидниот и затворен советски социјализам во кој граѓаните требаше да побараат посебна дозвола дури и кога требаше да патуваат од едно до друго место внатре во државата, стана држава членка на ЕУ, држава што треба да биде пример што треба да се следи во напредувањето кон полноправното членство во Унијата.

Така, со процесот на пристапување на Бугарија кон ЕУ, очекувано започна да се зголемува интересот на македонските граѓани за добивање бугарско државјанство, а со тоа за стекнување и со лични документи и, како најважно, пасош на Република Бугарија. Во Македонија, за оваа чувствителна тема се дискутира, главно, во медиумите каде што се прават обиди да се анализираат сите аспекти, позитивни и негативни страни на оваа појава, се толкуваат стратегиите на државните институции, се прави обид да се разберат практичните потреби на граѓаните. Се дискутира понекогаш и од страна на политичарите, дури и во македонскиот парламент, главно кога се настојува на овие појави да им се придаде дневнополитички карактер. Во пикантериите на локалната македонска политика, за која се дискутира и во регионалните политички центри, е бугарското државјанство и пасош на поранешниот македонски премиер Љубчо Георгиевски. Сепак, за ова прашање тешко може да се дојде до официјални податоци, до јавни реакции на владите на РМ и на РБ, или и докол-

ку ги има, тие, главно, ги премолчуваат најгорливите прашања и одговори, предизвикувајќи уште повеќе прашања и нејаснотии кај граѓаните. Речиси не постојат официјални податоци за бројот на лицата од РМ што поднесле пријави или стекнале бугарско државјанство и пасош. Бројките се главно шпекулации, според кои повеќе од 60.000 пасоши се издадени на граѓани од РМ[10], па сè до 200.000 Македонци што се изјасниле како Бугари по националност, од кои 60.000 добиле државјанство, а уште 100.000 чекаат одговор на барањето за добивање бугарска лична карта[11].

Во својата студија А. Чорбаџијска наведува статистички податоци за бројот и потеклото на апликантите за бугарско државјанство според Извештајот за миграционата ситуација во Бугарија.

5 топ-земји според потеклото на апликантите

| | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонија | 169 | 1360 | 1685 | 2281 | 2425 | 2930 |
| Молдавија | 157 | 583 | 1172 | 2210 | 2455 | 2610 |
| Русија | 300 | 447 | 346 | 281 | 160 | 217 |
| Украина | 65 | 243 | 222 | 209 | 245 | 249 |
| Србија и Црна Гора | 61 | 219 | 285 | 161 | 128 | 235 |

Извор: Анекс 5 од Извештајот за миграционата ситуација во Република Бугарија во 2006 г.[12]

Според Законот за бугарско граѓанство[13] за стекнување бугарско граѓанство е потребно да се исполнат шест услови:

- минимална возраст – 18 години;
- статус на постојан жител во период од најмалку 5 години;
- да се биде без криминално досие;
- поседување приходи или активности во Бугарија;
- познавање на бугарскиот јазик;
- да се биде во постапка за ослободување или да се биде веќе ослободен од своето актуелно државјанство.

Меѓутоа, според членот 15 од овој Закон, апликантите со бугарско потекло се изземени од сите услови, освен од два: минималната возраст и да бидат без криминално досие (Tchorbadjiyska 2007: 100). Исто така, за оваа категорија апликанти е скратено времето на процесуирање на постапката од една година на три месеци (Tchorbadjiyska 2007: 100).

Разгледувајќи ги написите во медиумите и разни други известувања, се стекнува впечаток дека во периодот од 2005 до 2007 г., кога Бугарија и официјално стана членка на ЕУ, кулминираше интересот на македонските граѓани за аплицирање за бугарски пасош. Како од извештаите на новинарите, исто така и од теренските

[10] Костовска, Ивана, Бугарија прекина да им издава пасоши на Македонци, Нова Македонија http://www.novamakedonija.mk/NewsDetal.asp?vest=611934236888&id=9&prilog=0&setIzdanie=21709.

[11] Костовска, Ивана, Бугарија прекина да им издава пасоши на Македонци, Нова Македонија http://www.novamakedonija.mk/NewsDetal.asp?vest=611934236888&id=9&prilog=0&setIzdanie=21709

[12] Report for the migration situation in Republic of Bulgaria in 2006.

[13] Law on the Bulgarian Citizenship of 18 November 1998, (*Държавен вестник*, (State Gazette), No 136/1998, last amendment SG. 52/29 June 2007).

истражувања може да се забележи дека апликантите наведуваат неколку основни причини за аплицирање за бугарски пасоши. Најпрво се нагласува потребата за патување во странство, посебно за западноевропските земји. Како што се истакнува, луѓето во минатото патуваа доста, а сега им беше оневозможено основното право и чувство на слобода и слобода на движење. Сепак, како најважна причина се наведува можноста со овој пасош да се оди и да се работи во странство, посебно да се избегнат турканиците пред амбасадите и да се избегнат долготрајните, скапи и понижувачки процедури чекајќи визи за патување надвор од земјата. Авторот на овој текст, во последните шест месеци во 2009 г., и покрај тоа што имаше 3-годишна шенгенска виза со можност за повеќекратно влегување и излегување од земјите од шенгенската група, мораше уште три пати да ја исполни целата административна процедура, да ги плати средствата за издавање виза и да изгуби доволно време и нерви за да патува, за потребите на службата каде што работи, во Р Бугарија, во Обединетото Кралство и во Грција. За жал, во овие држави не важи шенгенската виза што тој ја поседуваше. Сепак, се тврди дека аплицирањето за бугарски пасоши има економски мотиви[14]. „Вработување со бугарски пасош во Чешка, Германија, Полска“ беше еден од многуте огласи во македонските медиуми во периодот од 2004 до 2007 г. во Македонија, кои ги мотивираа македонските граѓани да извадат бугарски документи[15].

Најважно место во оваа машинерија за издавање визи има Агенцијата за Бугарите во туѓина, каде што, всушност, се поднесуваат апликациите за бугарско државјанство од страна на граѓаните што се повикуваат на своето бугарско национално чувство и бугарски корени. „Секој што ќе докаже дека има бугарско потекло може да добие бугарски документи. Ако имаме некаков сомнеж, бараме дополнителни документи“ – изјавила Соња Бурнаска, портпарол на Агенцијата, што е објавено во македонските медиуми[16]. Со цел да ги испитаат наводните едноставни правила за аплицирање за бугарски пасош, посебно за граѓаните од Македонија, неколкумина македонски новинари аплицирале за бугарски пасош. „Истражувањето покажа дека во молбата на бугарски јазик заверена на нотар мора да се напише ’Почитуван господине министре, ве молам да ме признаете за бугарски граѓанин затоа што имам бугарско потекло. И по мајка и по баба сум од бугарско потекло и јас сум Бугарка. Баба ми и дедо ми беа бугарски граѓани. Татко ми од Македонија е Бугарин, исто како мајка ми‘, пишува во молбата. Процесот за вадење на лична карта чинеше околу 200 евра и документот се добива за три месеци. Документот се вади на нелегален начин затоа што во него стои лажна адреса за која граѓаните никогаш не слушнале“[17]. „Македонските граѓани кои добиваат бугарски пасош, добиваат и бугарска лична карта, но најчес-

[14] Зошто Македонците бараат бугарски пасоши?, BBC Macedonian com., 1. 5. 2006 http://www.bbc.co.uk/macedonian/news/story/2006/05/060501_mac_bul_passports.shtml.

[15] Костовска, Ивана, Бугарија прекина да им издава пасоши на Македонци, Нова Македонија http://www.novamakedonija.mk/NewsDetal.asp?vest=611934236888&id=9&prilog=0&setIzdanie=21709.

[16] Костовска, Ивана, Бугарија прекина да им издава пасоши на Македонци, Нова Македонија http://www.novamakedonija.mk/NewsDetal.asp?vest=611934236888&id=9&prilog=0&setIzdanie=21709.

[17] Костовска, Ивана, Бугарија прекина да им издава пасоши на Македонци, Нова Македонија http://www.novamakedonija.mk/NewsDetal.asp?vest=611934236888&id=9&prilog=0&setIzdanie=21709.

то со фиктивна адреса: 'Улицата ја видов во градот и кажав некој број. Сега се водам таму на некоја улица што не ја ни знам каде е. Не прават никаква контрола' – вели македонски граѓанин, кој има и бугарско државјанство"[18].

Во Македонија, пак, како резултат на зголемената побарувачка на бугарски пасоши последниве години цветаше уште еден бизнис на т.н. агенции за посредување за добивање бугарско државјанство и пасош. Доколку се направи дури и бегол увид во медиумите, во делот на реклами и огласи, може да се забележи дека речиси во секој град во Македонија се рекламираше агенција за посредување, која за добар финансиски надомест требаше да ги изврши сите неопходни административни операции, да ги обезбеди сите неопходни документи и на апликантите, на крајот да им обезбеди граѓанство на Бугарија.

Тука е важно да се истакне дека бугарската државна администрација немаше еднакви критериуми и правила спрема сите граѓани од Р Македонија. Широко е познато дека за бугарски пасош можеа да аплицираат и да добијат само етничките Македонци, и тоа оние со христијанска вероисповед. На останатите, „на муслимани, на Роми, на Албанци не им даваат. И на Србите не им даваат"[19].

Од друга страна, пак, бугарската официјална политика има сосема поинаков однос спрема Гораните, односно жителите на Гора и Средачка Жупа на Косово за коишто постојат колку премолчени толку и јавни стратегии за нивно ставање под бугарска етничка закрила. Гораните се уште еден дел од многу значајниот корпус на муслиманите на Балканот што зборуваат некој од словенските јазици. Во официјалните ставови на државите, но исто така и во научните студии постои цело време дискусија за нивната етничка и национална припадност, па така едни ги декларираат, а некои од нив и самите се декларираат како Македонци, други како Срби, трети како Бугари. Така, стратегијата со бугарските пасоши се смета за „валидна" при дејствувањето и кон ова население. Така, според податоците од теренот, а и според известувањата на медиумите во 2006 г. е основана Бугарска национална заедница, која е регистрирана кај УНМИК. Помеѓу муслиманите во Средачка Жупа е формирано Културно-просветно здружение на исламизираните Бугари на Косово, чиишто членови што аплицираат за бугарски пасоши се декларираат како „Бугари-Мухамедани"[20].

„Вознемиреноста на ЕУ трае уште од влезот на Бугарија во Унијата, кога кипарските Грци реагираа затоа што дури и Турци земаат бугарски пасоши само за да успеат слободно да ги поминат границите на ЕУ и да најдат работа"[21].

Затоа, пак, некои од земјите членки на ЕУ што се плашат од мигранти, како Велика Британија, го искористија лесното издавање бугарски пасоши на странци како аргумент да го затворат својот пазар за работна сила за Бугарија. Некои од британските медиуми објавија текстови со наслови за инвазија на Македонци со бу-

[18] Зошто Македонците бараат бугарски пасоши?, BBC Macedonian com., 1. 5. 2006 http://www.bbc.co.uk/macedonian/news/story/2006/05/060501_mac_bul_passports.shtml

[19] Зошто Македонците бараат бугарски пасоши?, BBC Macedonian com., 1. 5. 2006 http://www.bbc.co.uk/macedonian/news/story/2006/05/060501_mac_bul_passports.shtml

[20] Бугарски пасоши за Гораните, Дневник, 18 март 2006, бр. 2947.

[21] Костовска, Ивана, Бугарија прекина да им издава пасоши на Македонци, Нова Македонија http://www.novamakedonija.mk/NewsDetal.asp?vest=611934236888&id=9&prilog=0&setIzdanie=21709.

гарски пасоши, при што по повод ова прашање лидерот на Британската партија на независноста (UK Independence Party), Ник Фараж (Nick Farage), изјавил: „Луѓето сега можат да ги користат другите земји како чекалници за да се појават на нашиот праг. Ние ја изгубивме контролата“, додека, пак, сер Ендру Грин (Andrew Green), од групата за кампања (Migrationwatch UK), изјавил дека „границите на ЕУ се доста пропустливи“[22].

Оттука, новинарката Ивана Костовска во својот напис „Германски пасош за чувство на припадност!?!“ запрашува: „Дали македонските граѓани би можеле да добијат француски или германски пасош само ако заведат потврда на нотар дека се чувствуваат како Французи или Германци? Одговорот е јасен и покажува дека во ЕУ не важат истите правила и покрај тоа што Унијата се обидува да биде строг учител кон земјите како Македонија што сакаат да станат дел од европското друштво“[23].

Меѓутоа, во месеците од почетокот на 2009 г., додека авторот работеше на оваа истражувачка тема, се чини дека ситуацијата се менуваше исто толку брзо колку и кога се појави на македонската општествена сцена. Така, сè почесто во македонските медиуми се забележуваа написи и анализи што покажуваа дека бројот на апликациите за бугарски пасоши на македонските граѓани драстично се намалил, а интересот за нив речиси исчезнал. Тоа прво се толкуваше како резултат на сè почестите известувања дека Комисијата на ЕУ за визна либерализација со Македонија ќе даде, кон крајот на 2009 г., позитивен извештај за ставање на Македонија на белата шенгенска листа, што би значело целосно ослободување од визи на македонските граѓани и можност за нивно слободно патување низ повеќето земји во светот. Исто така, во медиумите се објавени повеќе написи во кои се истакнува дека на Бугарија, пред нејзиното конечно влегување во шенгенската група, ѝ се забележува од страна на ЕУ дека „им дозволува на странци набрзина да станат бугарски државјани и потоа да работат во земјите членки. Во надеж дека за две години ќе стане дел од шенген-зоната, Бугарија е притисната да не раздава бугарски пасоши на странци“[24], така што Бугарија веќе значително го намалила бројот на издадени бугарски државјанства.

## Виза – можност за мобилност и/или стратегија за манипулирање со идентитетот

Во овој дел би сакале да ги елаборираме различните толкувања низ призмата на различните стратегии преземени од граѓаните како поединци, од институциите на државата, во овој случај на државите како застапници на одредени политички идеологии, и се разбира стратегиите на ЕУ кон самата себе и кон земјите од Западниот Балкан што настојуваат да ѝ се приклучат.

[22] Invasion: Macedonians with Bulgarian Passports, http://international.ibox.bg/comment/id_1528913771

[23] Костовска, Ивана, Германски пасош за чувство на припадност!?! http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=612942053427&id=13&prilog=0&setIzdanie=21710

[24] Костовска, Ивана, Бугарија прекина да им издава пасоши на Македонци, Нова Македонија http://www.novamakedonija.mk/NewsDetal.asp?vest=611934236888&id=9&prilog=0&setIzdanie=21709

Најпрво тука сакам да ја истакнам важноста на динамиката на процесите што се случуваат на овие простори. Како што може да се види од етнографските материјали, работите се случуваат доста динамично, што понекогаш е дури и тешко да се следат и да се забележат истовремено. Но она што е тука поважно, динамиката на овие случувања не ја има само сопствената внатрешна енергија што ги предизвикува промените, ами многу повеќе промените се поттикнати однадвор, главно од односот, случувањата во ЕУ, односно од ставовите на ЕУ спрема одредени прашања во регионот. Оттука е сосема воочливо дека интензитетот на случувањата и идните насоки се директно поврзани со ставовите на ЕУ за овие прашања. Во македонските медиуми често пати може да се забележат написи во кои се зборува за политиката на двоен аршин на ЕУ спрема земјите претенденти да станат нејзини членки. „Егоизмот на ЕУ се обезличи и во случајот со издавање бугарски пасоши на македонски граѓани. Унијата на народи што треба да важи за пример на демократија, слобода и човекови права остана со скрстени раце на предупредувањето дека зад издавањето бугарски пасоши на македонските граѓани се крие атака врз македонската националност. /.../ ЕУ се најде засегната само во оној момент кога се почувствува загрозена од напливот на работници со бугарски пасоши“[25].

Кога размислуваме за стратегиите, за концептот на државјанството, кој всушност практички го овозможува стекнувањето на поединците со документи за лична идентификација и патни исправи, логички е да се тргне од идејата на Маршал дека државјанството како концепт се состои од три главни елементи или димензии. Првиот е дека државјанството претставува легален статус на поединецот, вториот елемент му ги обезбедува политичките, а третиот социјалните права и обврски. Така, кога државјанството се набљудува како стратегија од аспект на поединецот, најблиску до реалноста е ако тоа се поврзува со остварување на легалниот статус, кој во случајот на македонските граѓани им обезбедува патни исправи што им го отвораат патот кон земјите во светот. Ниту еден од граѓаните на Македонија, а сега и на Бугарија откако ги имаат и бугарските пасоши, со кои сме разговарале нема никаква идеја за евентуално практично остварување на неговите права и обврски како бугарски граѓанин во Бугарија. Впрочем, минимален број, или воопшто никој од оние што се здобиле со бугарски пасош не останале да живеат или работат во Бугарија. Во најмала рака заминуваат непречено за Грција или во некоја од другите подалечни земји на ЕУ. Овие граѓани не размислуваат за тоа дека можат да влијаат врз иднината на Бугарија како нејзини граѓани зашто тие го уживаат правото на гласање, политичко организирање и сл.

Од друга страна, пак, политичките импликации на државјанскиот статус доаѓаат до израз во државните стратегии и стратегиите на политичките партии, што особено може да се согледа низ изјавите и дискусиите во медиумите, од прес-конференциите на политичките партии и нивните претставници. Политичките стратегии, нормално, не се манифестни, ами најчесто латентни, секогаш имајќи го предвид почитувањето на законските рамки. Во случајот со стратегијата на бугарската држава и администрација, од законска гледна точка нема ништо спорно во однос на државјанството што им е доделено на македонските граѓани. Од друга страна, пак, историските и дневнополитичките случувања на оспорување на македонскиот национален и етнички

[25] Костовска, Ивана, Германски пасош за чувство на припадност!?! http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=612942053427&id=13&prilog=0&setIzdanie=21710

идентитет, на јазикот и сл., доведуваат до размислувања во македонската јавност дека и оваа стратегија е уште една од многуте досега применувани на Бугарија кон Македонците за разнишување на идентитетот. Најчувствително ми се чини е прашањето што членките на ЕУ еден подолг временски период не сакаа да размислуваат за овој проблем, кој можеби е далечен на нивните размислувања, а кој сепак би можел да биде злоупотребен од страна на бугарската држава во изјави, па дури и за преземање активности за „заштита" на бугарските граѓани што живеат во Македонија, а кои во овој случај се со бугарско етничко потекло. Ова особено е значајно за државите во кои се практикува *национално државјанство*, какво што впрочем практикуваат и Македонија и Бугарија. Во случаите на државјанства во кои се истакнува нацијата во чиешто име е основана и државата, тогаш државјанството се смета за привилегија на членовите на определена етничка, јазична, религиозна или културна заедница (Hammar 1990).

## Користена литература:


Hammar, T. 1990. *Democracy and the nation-state: Aliens, denizens, and citizens in a world of international migration*, Aldershot, Eng: Avebury.

Marshall, T. H. 1985/1949. *Citizenship and social class*. Во: D. Held et al. (Eds.) *States and societies*, Oxford, UK: Basil Blackwell&Open University, стр. 248–260.

Robertson, C. 2004. *The Archive, Disciplinarity, and Governing: Cultural Studies and the Writing of History, Cultural Studies ↔ Critical Methodologies*, Volume 4, Number 4, стр. 450–471.

Tchorbadjiyska, A. 2007. *Bulgarian Experiences with Visa Policy in the Accession Process: A Story of Visa Lists, Citizenship and Limitations on Citizens' Rights, Regio, Minorities, Politics, Society*, English Edition, issue: 1, стр. 88–105.

Torpey, J. 2000. *The Invention of the Passport: Surveillance, Citizenship and the State*, Cambridge University Press.